**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“




**Штип, 2016**

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола В. Димитров

Доц. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Доц. д-р Дејан Методијески
Асистент докторанд м-р Душица Санева
Асистент докторанд м-р Оливер Филипоски
Асистент докторанд м-р Кристина Ковачевиќ
Асистент докторанд м-р Наташа Колевска Асистент докторанд м-р Душко Јошески

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Мичо Апостолов
Доц. д-р Дејан Методијески
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова **Печати:**

Печатница „2ри Август" - Штип

**Тираж:**

100 примероци

**Дизајн на корица:**

Доц. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Никола В. Димитров
**Фотографии за корица:**

М-р Васко Златковски

**Техничко уредување:**

Доц. д-р Дејан Методијески

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
616.314-08(075.8)
616.314-74(075.8)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" (2016; Штип)
Зборник на трудови од научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", Штип 28.05.2016 [Електронски извор] [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Текст во PDF формат, содржи 215 стр., илустр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016
Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден
18.07.2016 ISBN 978-608-244-313-3 1. Гл. ств.
насл.
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 101453578

## СОДРЖИНА

УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ................................................ 6

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ .................................................... 15

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ........................................... 17

СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров ........................................................... 18**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС ВО НАУКАТА

**Дејан Методијески, Душица Санева .................................... 26**

ОСНОВНИ ПОСТАВКИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА

**Мичо Апостолов, Лилјана Здравковска, Наташа Апостолова.................................................................... 36**

ЛОГИСТИЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**Христина Филипоска, Оливер Филипоски .......................... 48**

ПРИМЕНА НА TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ

**Александра Ташевска .......................................................... 57**

ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**Моника Станковска ............................................................. 64**

СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева ............... 74**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова,Симона Савиќ,Убавка Вегова..86**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова,Љупка Атанасова,Вера Митровска ...................................................................................... 95**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ....................................................105

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОВИТЕ ШТИП И КОЧАНИ И НИВНАТА ОКОЛИНА

**Златко Јаковлев, Цане Котески, Дарко Шпиртов ........... 106**

МОЖНОСТИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА

ВО ПООДДЕЛНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Андреа Златковска, Јулијана Саздова ........................... 112**

ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска .. 125**

ПРОЦЕСНИ ИНОВАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова ..................... 138**

НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев,Благица Арнаудова,Цане Котески.......144**

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУЖНА ДЕЈНОСТ

**Златко Јаковлев,Цане Котески,Душица Матета Гигова..151**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954–1979 ГОДИНА И

НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов ........................ 160**

КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски .................................... 181**

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски ................................ 185**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова .......203**

# ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ

Зборникот „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" содржи трудови кои се презентирани на истоимената научно-стручна конференција, одржана на 28-ми мај 2016 година во Штип, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Мотивите за одржувањето на конференцијата се повеќе. Конференцијата им даде можност на младите автори и студенти на втор и трет циклус на студии да ги презентираат и доближат до пошироката научна и стручна јавност своите теоретски и практични истражувања од областа на туризмот, економијата и логистиката. Во најголем дел, нивните трудови се изработени под менторство на професорите кои се истакнати научни работници и потврдени практичари. Од друга страна, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, изискува објавување на еден труд кој е резултат на истражувањето што е предмет на магистерскиот труд. Важен мотив за одржувањето на конференцијата е социјалниот дел, во кој учесниците имаа можност да се запознаат, разменат мислења, дискутираат и остварат вмрежување. Преку конференцијата, промовиран е градот Штип како туристичка дестинација, а од друга страна, позитивно влијае на имиџот на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

На конференцијата беа покренати бројни прашања, изнесени одделни размислувања и дилеми што со својата актуелност го зафатија научно-стручното поле на расправата, што резултираше со овој зборник. За понатамошна соработка и доближување до читателите, на почетокот на зборникот се претставени авторите со фотографија и кратка биографија, а покрај насловите на трудовите наведени се и нивните електронски адреси.

Од содржинска гледна точка, зборникот дава свој придонес во зголемување и збогатување на постоечката литература од областа на туризмот, економијата и логистиката. Тој е важен за заедницата на образовниот, јавниот и невладиниот сектор, како и стопанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Тематски е поделен на два дела: Теми од економија и бизнис логистика, каде има девет труда и Теми од туризам и угостителство, каде се претставени

десет труда. Зборникот содржи над 200 страници текст од триесет и тројца автори, во кои за подобра презентација се користат графикони, табели и фотографии.

Како уредници на зборникот, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до сите учесници на конференцијата, како и до колегите кои дадоа свој придонес во организацискиот и програмскиот дел на конференцијата.

Низ презентираните текстови и материјали, во зборникот се открива големото значење и современите тенденции на туризмот, економијата и логистиката во нашата земја. Исто така, реакциите од страна на учесниците беа позитивни во однос на успешната организација на конференцијата. Поради овие причини, се надеваме дека во иднина оваа конференција ќе добие меѓународен карактер и ќе доживее голема традиција.

**Никола В. Димитров**

**Дејан Методијески**

# ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

УДК 338.48-6:2 (497.774/.777)

# ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски**

ljupcho.janevski@gmail.com
naumemarinoski@yahoo.com

**Клучни зборови:** валоризација, верски туризам, манастири, Пелагониски регион.

**Апстракт**
Верскиот туризам преставува една од најстарите форми на патување низ историјата, во регионални и светски рамки. Истриски гледано, верскиот туризам има долга традиција кај нас со манастриски комплекси кои изобилувале со големи конаци, манастирски живот и верски училишта во чии закрила низ историјата се засолнувале голем број посетители и намерници. Денес постојат 270 манастири од кои 150 се сочувани и се од локален карактер и останатите 120 кои се во лоша состојба. Цел на овој труд е вреднување на потенцијалите за верски туризам во Пелагонискиот регион на Р. Македонија преку валоризација на единаесет значајни манастирски комплекси.

## Вовед

Од природното и културно-историското наследство во Пелагонискиот плански регион, по својот туристички потенцијал можеме да ги издвоиме: Преспанското Езеро, Пелагониската Котлина, античкиот град Хераклеа, националниот парк Пелистер, регионот Мариово, Крушево, но и голем број цркви и манастири кои нудат голем потенцијал за развивање на верскиот туризам.

Токму од можноста за развивање на верскиот туризам како нова содржина во туристичката понуда се наметнува потребата од валоризацијата на поважните манастири од овој регион за да се утврди моменталната состојба и можностите. Валоризирањето на единаесет манастири во овој регион на Р. Македонија е почетната точка за овозможување на понатамошните чекори за развивање на

верскиот туризам и неговата промоција, како и потребните подобрувања на ова поле кои е потребно да се преземат за развивање на Пелагонискиот регион како туристичка дестинација.

**Преглед и основни карактеристики на манастирите во Пелагонискиот регион Манастир Свети Архангел Михаил - Варош**

Над „Варошко маало" во градот Прилеп, всаден во магматските карпи на Маркови кули се наоѓа манастирот Свети Архангел Михаил. Манастирот се наоѓа на 758 метри надморска висина. Манастирот припаѓа во Преспанско-Пелагониската епархија.

Меѓу XI и XIII век, црквата била повеќепати градена и разурнувана. Од тој период, постои трага само од северниот ѕид на црквата каде сè уште постојат делови од фрески од XII век. Исто така, од тоа време останале и фреските во подземјето на црквата кои образуваат тунел. Кон крајот на XIII век, големиот хартуларij Јован повторно ја изградил црквата и ја посветил на Свети Архангел Михаил. Имајќи предвид дека од претходната црква останал само мал дел, може да се заклучи дека црквата во целост е ктиторско дело на владетелот Јован. За тоа сведочи и фреската на западната страна на црквата на која Јован е претставен како ктитор кој во рацете го држи моделот на црквата. Подоцна, прилепските владетели Волкашин и Крале Марко ја обновиле црквата, за што сведочат двете фрески на влезот на кои се претставени двајцата владетели.

Во црквата се забележуваат траги од богат фрескоживопис при што предност им е дадена на монашките ликови. Така, најдени се остатоци од фрески со прилично добро зачувани ликови на архиереи кои ѝ припаѓаат веројатно на првобитната црква, или пак се остатоци од некогашната капела подигната и живописана во XII век, како и остатоци од ѕид со зачувани фрески на владетелски портрети. Првата зона на светителите ги прикажуваат пустиножителите кои требало да бидат пример за монасите кои во тоа време го населувале манастирот. Ктиторската фреска, која го претставува св. Никола како ги води ктиторите кон престолот на Исус Христос, претставува репрезентативен пример на византискиот фрескоживопис. Исто така, на двете страни од влезот на црквата се прикажани фрески на кралот Волкашин и неговиот син Крале Марко (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

**Манастир Свето Преображение – Зрзе**

Манастирот Свето Преображение се наоѓа во близина на селото Зрзе, оддалечен 34 километри северозападно од Прилеп, на 1000 метри надморска височина во подножјето на планинскиот масив Даутица. Манастирот припаѓа во Пелагониско – Преспанската епархија, а територијално манастирот припаѓа во општина Долнени. Можност за објаснување на туристите на англиски јазик

Во манастирот, во специјално направена кутија за таа намена, се чуваат дел од моштите на Свети Пантелејмон.

Најверојатно, манастирот Зрзе бил изграден некаде во XIV век од монахот по име Герман, за време на владеењето на цар Душан. За ова и за подоцнежната судбина на манастирот од неговото настанување и во годините на продирањето на турскиот аскер на овие простори, сведочи натписот, поместен на надворешниот ѕид на јужниот влез од црквата.

Храмот Свето Преображение претставува еднокорабна црква засводена со полукружен свод и полукружна внатрешна апсида. Сè до ѕидањето на припратата, во втората половина на XIV век, постоел влез на јужната и на западната страна и истиот бил соѕидан. Припратата истовремено била и живописана. Од нив, делумно се сочувани фрески од кои најмногу се наоѓаат во првата зона.

Фрескописот му припаѓа на периодот од XVI век. Оттогаш датираат фреските во горните зони каде се среќаваат слики од животот на Исус Христос. Меѓу нив највпечатливи се композициите: Рождество Христово, Сретење и др. (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

**Манастир Успение на Пресвета Богородица – Трескавец**

Манастирот Успение на Пресвета Богородица – Трескавец, се наоѓа на 10 километри оддалеченост од градот Прилеп, на 1280 метри надморска височина меѓу карпите под Златоврв. Месноста Трескавец, каде е лоциран манастирот, во невреме и бури често е удирана од громови, па оттука доаѓа и името Трескавец. Овој манастир припаѓа во Преспанско-Пелагониската епархија.

За убавината на сегашната црква голем придонес имаат мермерните декорации кои се вградени од многу постариот ранохристијански храм. Особено е впечатлива манастирската

трпезарија од XIV век со зачувани камени седишта и долги камени трпези во кои се вдлабени посебни места за нозете. Во нив бил вложен огромен труд и пари обработувајќи ги огромните камени блокови, тешки повеќе од два тона. Во трпезаријата има фрески од XVII век и XIX век, под кои се наоѓаат остатоци од фрескоживопис од XIV век.

Црквата посветена на Успението на Пресвета Богородица во основата е еднокорабна, со наос надвишен со купола и разделен со пиластри на неколку краеви. Однадвор олтарната апсида, на исток е тристрана. Под длабокиот слој малтерисани ѕидови од северниот параклис, видливи се фрески што датираат од XIV век. Од овој век е и припратата со двете куполести кули, сместени на западниот дел на црквата. Фрескоживописот во црквата Успение на Пресвета Богородица го сочинуваат фрески од различни временски периоди. Најстари се оние на ѕидовите во просторот на двете кули, од 1334 – 1343 година, чиј ктитор бил цар Душан. Тие илустрираат теми на календар и на светии претставени во полна големина, проследени со стиховите на Христофор Митиленски. Од средината на XIV век потекнуваат фреските на некогашната фасада на доградениот параклис со ктиторските композиции, на кои е насликан ликот на ктиторот, тепчијата Градислав. Веднаш потоа се насликани и фреските на фасадите од егзонартексот. Во централниот дел од северозападната купола е насликана претставата на Исус Христос како цар на небесата, тронот со евангелие на него, лево од него Богородица царица и десно цар Давид (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

## Манастирот Свети Јован Претеча - Слепче

Манастирот Свети Јован Претеча се наоѓа на 6 километри оддалеченост од градот Демир Хисар, на 750 метри надморска височина. Сместен е во источните падини на Илиница, огранок на планината Бигла, опкружен со дабови шуми и недопрена природа, веднаш над селото Слепче. Припаѓа во Преспанско-Пелагониската епархија За манастирот, неговата историја и значењето, на посетителите може да им биде објаснето и на англиски јазик.

На источната и западната страна од манастирската црква се наоѓаат старите конаци кои неодамна се целосно реконструирани и обновени во изворен автентичен и оригинален изглед и форма. Дрвените конструкции се изработени од дабово дрво од богатиот

манастирски шумски фонд. Конаците во манастирот имаат можност за сместување на 12 гости во три соби со заеднички тоалет.

За точното време на подигнување на црквата и основањето на манастирот не постојат прецизни податоци. Во некои извори се споменува дека манастирот е изграден во 1010 година, односно пред познатата битка на Беласица помеѓу цар Самоил и Василиј II во 1040 година и завршила со трагичното ослепување на Самоиловите војници. Ослепената војска, по битката, се задржала во месноста на денешното село Слепче, кое, според овој историски настан, го добило и своето име. Науката претпоставува дека манастирот постоел пред XIV век, потпирајќи го своето мислење врз податокот дека во 1393/34 година, во него е препишан еден триод на црковно-словенски јазик. Но, првпат конкретно манастирот се споменува во 1543 година, во едно писмо на протопопот Лука.

Во манастирот се развила препишувачка школа каде се препишувале богослужбени книги на црковнословенски јазик. Јеромонахот Пахомије го препишал минејот за месец јуни во 1547 година, а истата година јеромонахот Висарион од дебарско вршел препис на Поученијата на Кирил Јерусалимски на словенски јазик. Препишувањето продолжило и во 1546, 1549 и 1553 година.

Од повеќето сочувани стари уметнички предмети, со својата вредност се истакнуваат Големиот крст со распнатиот Христос од XVI век, Царските двори и певниците изработени во копаница. Посебно се интересни двете пронајдени врати, изработени во плитка резба со различни фигури и со мотивот плетенка, преставен на начин кој се сретнува во ракописи од XV-XVI век. На црквениот иконостас постои и Голем Чин, што го изработил монахот Калиник во 1607 година. Од XVI-XVII век потекнува старата живописана трпезарија, како и двете влезни врати, западната живописана во 1637, а јужната во 1638 година (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

**Манастир Свети Никола – Мариово**

Манастирот Свети Никола се наоѓа на 40 километри оддалеченост од градот Прилеп, во прекрасна природа и опојни мириси на полското цвеќе, во близина на живописните кањони и дарежливите текови на Црна Река. Манастирот е сместен во селото Манастир на 690 метри надморска височина. Припаѓа во ПреспанскоПелагониска епархија. Можност на посетителите да им се објасни за манастирот на англиски и грчки јазик.

Црквата Свети Никола, која се наоѓа во манастирот, е изградена во 1095 година, а денешниот изглед го добила во 1266 година. Според архитектурата, црквата претставува трикорабна базилика која содржи извонредни фрески, како што се „Света Богородица со ангелите" и „Свети Никола". Ваквиот тип сликарство е многу редок и застапен е само во црквата во Курбиново и во „Света Софија" во Охрид.

Делумно сочуваниот натпис од фрескописот говори дека манастирот датира од крајот на XI век. Во 1095 година протостраторот Алексеј, близок роднина на византискиот цар Алексеј Комнен го изградил овој духовен храм, а црквата ја посветил на Свети Никола Мирликиски.

Фрескописот во манастирот датира од втората половина на XIII век, во периодот на првото обновување од проигуменот Акакиј, за што сведочи и една ктиторска композиција. Изобилува со класични монашки теми. Особено убава е сцената „Лествицата на преподобниот Јован", на која е претставен Свети Јован Лествичник со своите ученици и скалилото по кое се искачуваат подвижниците на благочестието. Токму ова дело на преподобниот Јован е класичен азбучник во богатата монашка–аскетска литература (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

**Манастир Свети Илија – Мариово**

Манастирот Свети Илија се наоѓа на 46 километри оддалеченост од градот Прилеп, во мошне живописни предели на Мариово, непосредно до селото Мелница кое денес не постои поради иселување на жителите. Манастирот територијално припаѓа на општина Прилеп и се наоѓа на 750 метри надморска височина, во Преспанско-Пелагониската епархија.

На иницијатива на Стале Чешелков од село Потолчиште, мариовско и со помош на сето мариовско население, во 1870 година поставени се темелите на манастирот посветен на Свети Илија, а изградбата завршила по две години во 1872 година. Откако завршила изградбата на манастирската црква, биле повикани мијачки зографи од селото Тресонче, предводени од Аврам Дичов син на познатиот Дичо Зограф.

Манастирската црква посветена на Свети Илија е живописана во 1881 година, речиси една деценија по нејзината изградба. Над северната врата од внатрешната страна на црквата се наоѓа уште

еден натпис. Сите внатрешни ѕидни површини во црквата се зографисани од раката на зографот Аврам Дичов. Во црквата се наоѓаат и поголем број икони од XIX век, работени од истиот зографиконопсец што работел во црквите во мариовските села (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

**Манастир Света Ана – Маловиште**

Манастирскиот комплекс Света Ана се наоѓа на 1400 метри надморска височина, на околу 2 километри оддалеченост од селото Маловишта, во густа букова шума во рамките на Националниот парк Пелистер. Територијално потпаѓа под општина Битола, а црковна епархија Преспанско-Пелагониска.

За манастирот и црквата Света Ана постојат малку пишани податоци. Постојат извори кои сведочат за неговото постоење уште во средината на XVIII век. Денешната црква, пак, е изградена во 1936 година, додека конаците, во повеќе наврати, биле градени во XX век (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

**Манастир Света Петка – Цапари**

Манастирскиот комплекс Света Петка се наоѓа на 1100 метри надморска височина, на околу 15 километри оддалеченост од градот Битола, во густа шума во непосредна близина на селото Цапари, Преспанско-Пелагониска епархија. Манастирот има можност на посетителите да им овозможи објаснување на англиски и на грчки јазик.

За манастирот и црквата Света Петка постојат малку пишани податоци. Постојат извори кои ни укажуваат дека манастирот е подигнат во XVI век, а денешната манастирска црква во XIX век. Сè до 1724 година манастирот бил прилично запуштен, кога, како што е запишано, бил обновен од страна на поп Дионисиј. Манастирот во текот на вековите цутел со монашки живот (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

**Манастир Света Петка – Брајчино**

Манастирскиот комплекс Света Петка се наоѓа на половина километар оддалеченост од селото Брајчино, 1100 метри надморска височина, на падините на планината Баба. Манастирот е оддалечен 6 километри од Преспанското Езеро, а 32 километри од градот Ресен.

Територијално припаѓа под општина Ресен во Преспанско Пелагониската епархија.

Конаците датираат од поново време, но се изградени во традиционален стил. Конаците се градени во 1910 година, на остатоците на опожарениот конак од XIX век. Денес тие се реновирани, заедно со фасадата, чардаците, скалите, има кујна, две трпезарии, гостинска соба за дневен престој, владичка соба, три соби за преспивање со нови кревети и чиста постелнина.

Живописот во наосот потекнува од два периода. Анализирајќи ја работата на зографот на првиот живопис, распоредот на сцените, користењето на орнаментиката, се добива впечаток дека тој се угледал на примерите остварени во класичниот период. Тој се инспирирал од традицијата на минатото и имал можност да ги види остварувањата на неговите претходници кои работеле во Преспа.

Вториот живопис е со неспоредливо послаби ликовни квалитети. Тој потекнува од XVIII век. Првобитната црква имала свој иконостас, меѓутоа, денес не располагаме со податоци за неговиот изглед (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

**Манастир Рождество на Превета Богородица - Сливнички манастир**

Манастирскиот комплекс Рождество на Пресвета Богородица се наоѓа на три километри оддалеченост од селото Сливница, на 1200 метри надморска височина, на падините на планината Баба. Манастирот е оддалечен 4 километри од Преспанското Езеро, а 19 километри од градот Ресен. Територијално припаѓа под општина Ресен во Преспанско-Пелагониската епархија.

Манастирот датира од XVII век и подигнат е во 1607 година. Според описот, граден е во три фази, и тоа од 1607, од 1612 и главно во 1645 година. Од тој период потекнува и живописот во храмот, како и дрвениот иконостас со престолните икони, царските двери и големиот крст. Во минатото, манастирот од сите страни бил опколен со згради. Се влегувало низ две големи и две помали порти.

Манастирската црква е посветена на Рождеството на Пресвета Богородица. Живописот во олтарот и наосот на храмот е изведен од зографска тајфа од која се издвојува работата на двајца мајстори. Тие успеале да пренесат содржина од сложена тематско-

иконографска програма, особено карактеристична во наосот, каде се испреплетени сцени од неколку циклуси: Големите Христови Празници, Страдања и Параболи. Посебна ликовна разработка добил Христос-агнец на кого му се поклонуваат архиереите (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

## Манастир Свети Ѓорѓи – Курбиново

Манастирскиот комплекс Свети Ѓорѓи се наоѓа на три километри оддалеченост од селото Курбиново, на падините на планината Баба. Манастирот е оддалечен 4 километри од Преспанското Езеро, а 14 километри од градот Ресен. Територијално припаѓа под општина Ресен, Преспанско-Пелагониска епархија.

Црквата е изградена на основите на стар храм од IX век. Подигната е во 1191 година (XII век), што се гледа од натписот над олтарот, за време на владеење на Исак II Ангел. Црквата се карактеризира со специфичен начин на обработка на фасадите, денес видлив само во долните делови на западниот и јужниот ѕид. Црквата своето место во ризницата на светските вредности го обезбедува со сочуваниот фрескоживопис. Фреско-живописот од XII век е сочуван речиси во целост, освен уништениот дел од претставите во првата зона на северниот ѕид и дел од јужниот, како и горниот дел од третата зона.

Сегмент на фреската на светецот Архангел Гаврил позната како „Ангелот од Курбиново" од оваа црква се наоѓа на позадината на банкнотата од 50 македонски денари (Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н., 2015).

## Вреднување на манастирските комплекси за туристичка намена

Туристичката валоризација претставува детална оценка на природните и создадените вредности кои се значајни за туристичкиот развој на една дестинација, регион и цела земја. Со текот на времето туристичката валоризација се наметнува како еден од најзначајните фактори на развиените и нерзвиените туристички дестинации (места, региони и држави), односно едно од најкомплексните прашања на теоретско-методолошки научни основи на туризмот, но и праксата на развивање на оваа дејност (Станковић, 2004). Процесот на туристичката валоризација не може да се отпочне ако не се поставaт методите како да се одвива самата валоризација, а во областа на туризмот не постои експлицитно усвоен метод на валоризација кој

многу пати преставува микс на други научни области, но прилагодени за потребите на туризмот.

Валоризацијата има за цел да истакне, односно да се детектираат употребните вредности на потенцијалите (Чомиħ, Пјевач, 1997). Суштината на туристичката валоризацијата ја утврдува моменталната постоечката состојба на ресурсите и со нивната проценка се овозможува поставување и утврдување на реалните можности за развој на туризмот, за потоа да се оцени основаноста на некои предлози за одредена заштита на ресурсите или целиот простор и реализација на евентуалните решенија за заштита, проценка на инвестициските активности и можност за туристички промет (Бесермењи, 2010).

Туристичката валоризација овозможува да се добие вистинска слика на можностите, односно јаките и слабите страни на туристичката дестинација, можности, ризици, природните фактори, социо-економски фактори, инфраструктура, културини фактори и многу други фактори кои овозможуваат квалитетна евалуација и оценка на дестинацијата, регионот или целата земја како туристички производ.

Еден од препознатливите и многу користените методи за туристичка валоризација е методата на Хилати ду Крос (Du Cros, 2000), за во туристичкиот сектор да се валоризираат „Пазарната привлечност на туристичките добра‟ и „Фактори од значење при дизајнирањето на туристичкиот производ‟. Валоризацијата ќе ја надополниме со одредени  индикатори со цел добивање на повеќе потребни информации за  манастирите, кои се многу значајни за создавање комплетност на моментална состојба.

## Критериуми за вреднување на манастирските комплекси

Манастирските комплекси во Пелагонискиот регион на Македонија ќе ги рангираме според  два главни критериуми, Пазарна привлечност во туристичкиот сектор кој се содржи од четиринаесет подкриретиуми и фактори од значење кога се дизајнира туристички производ составен од четири поткритериуми. Вреднувањето е вршено со собирање и рангирање од Слаб - 1, доволен - 2, добар - 3, многу добар - 4, одличен - 5.

## Пазарна привлечност во туристички сектор

Поткритериумите од кои се содржи „Пазарната привлечност во туристички сектор" се следните: Амбиент, Познатост надвор од својата област, Важен национален симбол, Можност за раскажување на добра приказна за културното добро, Поседува одредена особина со која јасно се разликува од останатите културни добра, Привлечно за специјални потреби, што би овозможило зголемување на посетата од страна на туристите, Комплементарно е со останатите туристички производи на дестинациојата, односно во регионот, Туристичка активност во регионот, Дестинацијата се асоцира со културата, Можност за сместување, Објект од културно значење, Храна, Сувенирница, Објаснување на странски јазик.

**Табела 1.** Оценка на пазарната привлечност на манастирските комплекси

| **Пазарна привлечност во туристички сектор** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | XIII | XIV | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Манастир Свети Архангел Михаел - Варош | 5 | 4 | 3 | 4 | 5 | 4 | 4 | 4 | 5 | 1 | 4 | 4 | 4 | 1 | 52 |
| Манастир Свето Преображение - Зрзе | 5 | 4 | 4 | 5 | 5 | 4 | 5 | 4 | 5 | 1 | 4 | 1 | 4 | 3 | 54 |
| Манастир Успение на Пресветла Богородица - Трескавец | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 4 | 4 | 2 | 5 | 1 | 4 | 1 | 52 |
| Манастир Свети Јован Претеча - Слепче | 4 | 5 | 4 | 3 | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | 57 |
| Манастир Свети Никола - Мариово | 4 | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | 3 | 3 | 4 | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 48 |
| Манастир Свети Илија - Мариово | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 4 | 3 | 1 | 4 | 1 | 1 | 38 |
| Манастир Света Ана - Маловиште | 4 | 2 | 3 | 3 | 4 | 2 | 2 | 2 | 4 | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 | 34 |
| Манастир Света Петка - Цапари | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 1 | 1 | 4 | 47 |
| Манастир Света Петка - Брајчино | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 2 | 4 | 4 | 1 | 1 | 45 |
| Манастир Рожденство на Пресвета Богородица - Сливнички манастир | 4 | 4 | 3 | 3 | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 5 | 4 | 1 | 1 | 1 | 44 |
| Манастир Свети Ѓорѓи - Курбиново | 4 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 1 | 5 | 1 | 1 | 1 | 48 |
| ВКУПНО | 47 | 43 | 38 | 40 | 45 | 39 | 40 | 38 | 47 | 29 | 40 | 26 | 26 | 21 | 519 |

**Анализа на табеларниот преглед.** Во табелата 1. е прикажано бодирањето за пазарната привлечност во туристичкиот сектор на секој манастир посебно и збирна вредност за сите манастирски комплекси заедно за секој поткритериум. Вкупниот збир на поени од бодирањето за секој поткритериум го поделивме во три групи: Слабо 0-18, Средно 19-37, Добро 38-55.

**Амбиент**. Се мисли на средината во која гравитира манастирскиот комплекс и во која тој егзистира. Според овој критериум, сите

единаесет манастирски комплекси се бодирани со вкупно 47 бодови и припаѓаат во  Добар (38-55) амбиент.

**Познатост надвор од својата област.** Запознаеноста на населението во регионот и пошироко за манастирските комплекси и нивна посета во текот на годината и одредени празници. Според добиените резултати од вкупно 43 бодови за сите единаесет манастирски комплекси ги сврстуваме во групата на Добро (38-55) познати во својата околина, регионот и пошироко.

**Важен национален симбол.** Значењето на манастирските комплекси е многу големо и одредени фрески, иконостаси и цели манастирски комплекси се национален симбол. Сегмент на фреската на Светецот Архангел Гаврил позната како „Ангелот од Курбиново" од оваа црква се наоѓа на позадината на банкнотата од 50 македонски денари. Според валоризирањето со 38 бодови за важен национален симбол манастирите се  на самата граница (38-55) во категоријата Добро.

**Може да се раскаже добра приказна за културното добро.** Сите манастирски комплекси во овој регион изобилуваат со легенди, историски случки и приказни кои можат да анимираат голем број посетители и да привлечат уште поголем број. Според вкупниот број на бодови од 40 со право се сместени во групата од  Добро (38-55).

**Поседува одредена особина со која јасно се разликува од останатите културини добра.** Манастирите јасно се разликуваат од останатите добра, но и со многу карактеристики еден од друг што ги прави посебни, единствени за посетителите и верниците. Со 45 бодови вкупно манастирските комплекси во Пелагонискиот регион ги сместивме во групата Добро (38-55), односно највисоката категорија.

**Привлечно за специјални потреби, што би овозможиле зголемување на посетата од страна на туристите.** Секој манастир има своја слава, урбано уредување, сместување, ред на однесување, природни убавини, а во одреден број од нив и манастирски економии и др. Рангирани се во категоријата Добро со вкупно бодови 39.

**Комплементарно е со останатите туристички производи на дестинацијата, односно во регионот.** Во поголем дел од манастирските комплекси кои ги валоризираме локациски се наоѓаат блиску до населени места и останати објекти кои се комплементарни и значајни за туристичката понуда на локално и регионално ниво.

Според овој параметар, со 40 бодови се рангирани во најдобрата група.

**Туристичка активност во регионот.** Одреден број на манастирски комплекси локациски се во предели со помала туристичка активност, национални паркови, планински масиви и слабо населени предели. Овие сегменти се одразуваат и на нашето вкупно бодирање на манастирските комплекси кое е на самата граница со 38 бодови и сепак припаѓаат во Добро рангираните.

**Дестинацијата се асоцира со културата.** Манастирските комплекси даваат специфично културно и историско значење за регионот и Република Македонија. Вкупно бодови 47 ги сврстува во највисоката група од 38 до 55 бодови.

**Можност за сместување.** Поголемиот број на манастири кои ги валоризираме од Пелагонискиот регион нудат сместување со различен капацитет. Вкупниот број на бодови од 29 ги сврстува во втората група Средно (19-37), и потребно е во иднина да се работи на реновирање и зголемување на капацитетите за сместување во одредени манастирки комплекси бидејки не ги задоволуваат потребите на туристите.

**Објект од културно значење.** Сите манастирски комплекси се од одредено кутурно значење, но одреден број поради нивната вредност и автентичност се споменици на културата, а нивното богатство од резба, иконостаси, фрески и икони заштитено. Поради овие факти, вкупниот број изнесува 40 и со овој индекс се во најдобрата група рангирани.

**Храна.** Во одредени манастири нема услови за континуирано служење и подготовка на храна освен на манастирската слава или организирани и најавени групни посети на манастирите. Кај одредени манастирски комплекси, во нивниот склоп функционираат ресторани во кои туристите можат да пробаат локални производи и специјалитети. Во оваа категорија манастирските комплекси во овој регион се рангирани во втората група Средно, со вкупно 26 поени.

**Сувенирница.** За да биде понудата комплетна голем број туристи имаат желба да понесат некој спомен од местото, манастирот кој го посетиле. Манастирите во Пелагонискиот регион на Р. Македонија потребно е повеќе внимание да насочат кон отворање на сувенирници во кои ќе се нудат производи карактеристични за манастирот, верата и локалните легенди и брендови. Неколку

манастири во овој регион имаат сувенирници и тоа преставува добар извор на сресва за манастирите и можност за збогатување на понудата. Со вкупно 26 поени манастирските комплекси се во втората група од средно развиени во овој сегмент.

**Објаснување на странски јазик.** Посетата на манастирските објекти од страна на туристите кои доаѓаат од државата или од странство имаат потреба од водич или домаќин во манастирот кој ќе ги запознае со неговото значење, историски аспект, културното значење и многу други информации. Вкупниот број бодови од 21 јасно ја наметнува потребата од објаснување на туристите на повеќе јазици, односно на јазиците според бројот на посетителите и нивниот интерес.

Вкупниот број поени од поткритериумите за сите манастири повторно ги поделивме во три групи и тоа: слабо 0-256, средно 257513 и добро 514-770.

Пазарната привлечност за туристички сектор според овие вкупно четиринаесет параметри за сите единаесет валоризирани манастири во Пелагонискиот регион на Република Македонија е 519, што ги сместува во Добра пазарна привлечност за туристичкиот сектор, но речиси на границата со Средна привлечност.

Поединечно манастирските комплекси и вкупниот број на бодови десет од валоризираните манастирски комплекси ги сместивме во група на Добри за пазарната привлечност за туристичкиот сектор и еден во Средно привлечни.

## Фактори од значење кога се дизајнира туристички производ

Пристап до културното добро, добар транспорт од населено место до културното добро, близина на останати туристички локалитети, услужни погодности, паркинг, обележани патокази до културниот објект, освежување, достапност на информации.

**Табела 2.** Оценка од значење кога се дизајнира туристичкиот производ

| **фактори од значење кога се дизајнира туристички производ** | I | II | III | IV | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| Манастир Свети Архангел Михаел - Варош | 2 | 2 | 2 | 1 | 7 |
| Манастир Свето Преображение - Зрзе | 3 | 2 | 1 | 3 | 9 |
| Манастир Успение на Пресветла Богородица - Трескавец | 3 | 3 | 1 | 3 | 10 |
| Манастир Свети Јован Претеча - Слепче | 4 | 3 | 2 | 4 | 13 |
| Манастир Свети Никола - Мариово | 3 | 2 | 1 | 3 | 9 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Манастир Свети Илија - Мариово | | | | 3 | 2 | 1 | 3 | 9 |
| Манастир Света Ана - Маловиште | | | | 2 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| Манастир Света Петка - Цапари | | | | 3 | 3 | 1 | 4 | 11 |
| Манастир Света Петка - Брајчино | | | | 2 | 2 | 1 | 3 | 8 |
| Манастир Рожденство на Пресвета Богородица - Сливнички манастир | | | | 3 | 2 | 1 | 1 | 7 |
| Манастир Свети Ѓорѓи - Курбиново | | | | 3 | 3 | 2 | 4 | 12 |
| ВКУПНО | | | | 31 | 25 | 14 | 30 | 100 |

**Анализа на табеларниот преглед:** Во тебелата 2. се прикажани табеларните резултати за „Фактори од значење кога се дизајнира туристичкиот производ" за секој манастир поединечно како и вкупно заедно за сите манастири според поткритериумите поединечно и збирно за сите. Вкупниот збир на поени од бодувањето за секој поткритериум ги поделивме во три групи: слабо 0-18, средно 19-37, добро 38-55.

**Пристап до културното добро:** се мисли на инфраструктурната поврзаност, односно на пат кој што води до потенцијалната локација, паркин место, капацитет и уреденост на пристапот и др. Според вреднувањето според овој параметар, со вкупно 31 поен манастирските капацитети се рангирани во Ссредно развиени за пристапот до културното добро.

**Добар транспорт од населено место до културното добро,** односно можност за пристигање со автомобил, автобус, редовна автобуска линија или организиран редовен превоз до локацијата. Според овој параметар, со 25 бодови манастирските комплекси, исто како и погоре, се сместени во Средно развиени.

**Близина на останати туристички локалитети** кои можат да привлечат повеќе посетители и се да понудат повеќе содржини за ескурзијата. Овој параметар е најмалку бодиран и со 14 вкупни бодови за сите манастирски комплекси и е во групата на Слабо развиени.

**Услужни погодности, паркинг, обележани патокази**

Објект, освежување, достапност на информации, односно комплетирање на услугата која посетителот ја добива. Во оваа категорија, манастирските комплекси во Пелагонискиот регион имаа вкупно 30 бодови што ги свртува во групата Средно развиени.

Факторите од значење кога се дизајнира туристичкиот производ, односно нивната вкупна вредност за сите единаесет

манастирски комплекси повторно ја класифициравме во три групи според вкупниот број на бодови и тоа: 0-73 Слабо, 74-146 Средно и 147-220 Добро.

Во нашиот случај, според вкупниот табеларен приказ со вкупно 100 бодови манастирските комплекси ги сместивме во Средно, кога е во прашање значењето кога се дизајнира туристичкиот производ.

**Заклучок**

Со валоризацијата на манастирите во Пелагонискиот регион се утврдува моменталната состојба и можноста за развивање на верскиот туризам во овој регион на Република Македонија. Од валоризираните единаесет манастирски комплекси во Ппелагонискиот регион се добија следните резултати: десет од манастирите се во категоријата Добри, а само еден манастир во Средно.

Кога е во прашање вкупниот број на бодови од сите манастири по сите параметри кои го покажуваат „Пазарната привлечност на манастирските комплекси" со 519 бодови се речиси на границата помеѓу Средна и Ддобра пазарна привлечност. Овие резултати даваат до знаење за потребата од поголемо насочување кон посетителите и вложување во самите манастирски комплекси, развивање на дестинацијата за туристите и континуирано подобрување во насочената промоција.

Факторите кога се дизајнира туристички производ, добиените резултати на поединечно ниво се: еден манастир е рангиран Слабо (0-6) и десет манастири во Средно (7-13), а ниту еден во Добро (1420). Вкупниот број на бодови по овој фактор манастирите ги вбројува во Средно развиени. Добиените резултати укажуваат на потребата од вложување во инфраструктурата, поврзаноста на манастирите со локални и регионални патни правци, вложување во нивно уредување, сигнализација, патокази, паркинг места и редовни линии до нив за почеток на нивните манастирски слави кога се очекува поголем број на верници.

Потребно е да се напомене дека за развивањето на верскиот туризам во Пелагонискиот регион потребно е мобилизирање на сите чинители кои се значајни за подобрување на туристичката дестинација и привлекување на поголем број туристи и зголемување на бројот на ноќевања.

Пелагонискиот Регион во Македонија припаѓа во Подобро посетените региони кога е во прашање туристичката посета на домашните и странските туристи. И покрај својата добра местоположба која се растега и овозможува добри услови за туристичка дестинација, бројот на туристите во Пелагонискиот регион во континуитет опаѓа во последните години, како и остварените ноќевања.




**Графикон 1.** Посета на туристи во Пелагонискиот регион (извор:ДЗС 2016)

Верскиот туризам регионално и пошироко е значаен дел во од понудата на многу региони и цели држави носејќи голем дел од туристичкиот сектор и свеж економски прилив. Условите за развивање на овој тип туристичка понуда во Пелагонискиот регион е многу голем бидејќи и со добиените резултати од валоризацијата на манастирите во овој регион кои припаѓаат во Средно и Добро развиени, но потребна е промоција и што побрзо да се најдат во понудата на македонските и агенциите од регионот. Верскиот туризам ќе овозможи, покрај зголемувањето на туристите, и директно заживување на локалните микро бизниси, заживување на локалните брендови и воопшто позитивен економски тренд во овие области околу манастирските комплекси кои во голема мера се од рурален карактер.

Потребна е поголема насочена промоција за верскиот туризам како значаен дел на туристичката дестинација, обуки на локалното население за придобивките од истиот. Подобрувањето на инфраструктурата и зголемувањето на капацитетите во манастирите ќе овозможи дополнително привлекување на туристите и локален економски развој, локални брендови, намалување на миграцијата, развивање на останатите форми на туристичка понуда и создавање нови работни места.

Токму развивањето на Верскиот туризам во овој дел од Македонија како дополнителна туристичка понуда е голема можност која ќе овозможи привлекување на туристи кои Македонија ја доживуваат како неоткриена дестинација и духовна колевка.

**Користена литература:**


Du Cros, H. (2000): Planning for Sustainable Cultural Heritage Tourism in Hong Kong;
Final Report to the Lord Wilson Heritage Trust Council, SAR;

Бесермењи, С., Марковиħ, С., Јовичиħ, Д. (2010): Туристичка валоризација сакралних објеката грађених у стилу Рашке школе. Зборник радова Географског факултета Универзитета у Београду;

Гиревски, А. (2008), Верски туризам. Скопје: Менора;

Коруновски С. (2006): Културно наследство, Факултет за туризам и угостителство, Охрид;

Мариноски Н. – С. Коруновски (2008): Македонија земја на туризмот, ДИД Ина Комерц, Скопје;

Методијески, Д., Ташков, Н., Димитров, Н. (2015): Водич до манастирите во Република Македонија. Скопје: АППТРМ;

Палигора, Р. (2011): Студија за поврзување и промоција на манастирскиот туризам на Баба Планина. Битола: Центар за развој на Пелагонискиот плански регион;

Панов, Н. (1998): Туристичка валоризација на манастирите во Република Македонија. Скопје: Бато и Дивајн;

Стефановиħ, С. (2004): Могуħност туристичке презентације археолошког локалитета Виминацијум, дипломски рад. Департман за географију, туризам и хотелијерство, ПМФ, Нови Сад;

Чомиħ, Ђ., Пјевач, Н. (1997): Туристичка географија. Савезни центар за унапређење угоститељства и хотелијерства, Београд.

**Интернет извори:** http://www.stat.gov.mk/